**Известување за концентрација со која Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о.,, Словенија ќе стекне контрола над АТОМБОДИ ГмбХ , Австрија и ATOMBODY, Sportnahrung.at и 100% Nutrition оперирани од МСГ Онлајн ГмбХ, Австрија**

**(предмет бр. 08-102/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., со седиште на Улица хероја Вердника 22, 4270 Јесенице, Словенија стекнува единствена контрола над уделот во друштвото АТОМБОДИ ГмбХ со седиште на Расумовскигасе 23, 1030 Виена, Австрија и стекнување на средства и правни односи во ATOMBODY, Sportnahrung.at и 100% Nutrition оперирани од МСГ Онлајн ГмбХ со седиште на Виртшафтспарк 9, 8530 Дојчландсберг, Австрија, кои средства и правни односи согласно Договорот за купопродажба на средства, потоа ќе бидат пренесени на АТОМБОДИ.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Регистрираната дејност на Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о., е: општо посредување во продажба на различни производи.

Директен содружник на Протеини.си, трговија, услуги и производство д.о.о е АЛПЕ ГЕФ СПОРТ, друштво за инвестиции, д.о.о. Љубљана, Словенија, које припаѓа на ALFI PE Growth Fund, управување со приватни капитални фондови – дел од АЛФИ Групата.

Со повеќе од 500 милиони евра средства под управување, АЛФИ Групата е позиционирана како водечка групација на алтернативни инвестициски фондови во регионот.
Групацијата АЛФИ е првенствено фокусирана на инвестиции во Словенија и Хрватска, со секундарен фокус на Србија, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.
Портфолиото на Алфи Групата вклучува инвестиции и во Германија, Романија и Бугарија.
Фондовите АЛФИ се основани во 2017 година како дел од групацијата KF Finance.

Во Групата Алфи има 2 приватни инвестициски фондови: ALFI PE и ALFI PE Growth.

АЛФИ Групата моментално има 1 поврзано друштво регистрирано во Република Северна Македонија:
Друштво за трговија и услуги АПОЛО МК ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6577857 со седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје со приоритетна дејност 46.49 – трговија на големо со друга стока за домаќинствата.
Регистрираната дејност на АТОМБОДИ ГмбХ е трговија и производство на спортска исхрана, додатоци во исхраната и функционална храна.

АТОМБОДИ ГмбХ нуди широк избор на производи како што се протеински прав, амино киселини, јаглехидрати, спортска исхрана, витамини и минерали.

АТОМБОДИ ГмбХ нема поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, ниту има остварено промет на пазарот во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната*

*концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**19.07.2024 година**
**Скопје**